**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4599 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Анализирани се 10 изданија на централната дневно-информативна емисија емитувана во 18:55 часот. Вкупното времетраење на прилозите емитувани во вториот десетдневен извештаен период (12-21 септември) изнесува 2 часа 59 минути и 16 секунди.

Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар), изјави, како и репортажи со социјална тематика се застапени со 2 часа 43 минути и 34 секунди (Табела 1). Преостанатите 15 минути и 42 секунди се новинарски осврти.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:25:35 | 15,64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:59 | 4,88 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:17 | 2,62 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:32 | 8,89 | % |
| Без субјекти | 00:22:55 | 14,01 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:17 | 1,40 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:31 | 4,60 | % |
| Собрание на РМ | 00:10:56 | 6,68 | % |
| СДСМ | 00:06:09 | 3,76 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:54 | 1,16 | % |
| Привремена комисија | 00:02:28 | 1,51 | % |
| Влада на РМ | 00:12:13 | 7,47 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:59 | 0,60 | % |
| Специјално обвинителство | 00:09:04 | 5,54 | % |
| Судство | 00:02:44 | 1,67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:32 | 4,61 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:58 | 4,26 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:22 | 0,84 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:51 | 0,52 | % |
| Беса | 00:02:11 | 1,33 | % |
| Опозициски совет | 00:00:51 | 0,52 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:13 | 0,74 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:35 | 2,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:30 | 2,75 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:37 | 0,38 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:21 | 0,83 | % |
| | Вкупно: 02:43:34 | 100 | % |

Во поглед на редоследот на застапеноста на субјектите, сликата речиси и да не е променета во однос на првиот извештаен период. Повторно најзастапени се субјектите кодирани како „други субјекти" (ИВЗ, Институт за земјотресно инженерство, Сеизмолошка опсерваторија, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, адвокати, универзитетски професори, Регулаторна комисија за енергетика, НБРМ и др.) и „без субјекти", со таа разлика што минатиот пат нивниот заеднички удел беше една половина од вкупното време, а сега е намален тој однос и опфаќа безмалку 1/3 од времето на прилозите. Информациите посветени на последиците од земјотресите во Скопје (за луѓето што спијат на отворено, за материјални штети и сл.), кадешто претежно за соговорници се јавуваат жителите на главниот град, во најчест случај придонесуваат категоријата „без субјекти" да биде второзастапена. Според присутноста како субјект следуваат органите на државна управа/јавните претпријатија и Владата, пред сѐ преку вистинити и релевантни активности поврзани со информации за редовните активности на министерствата, средби на вицепремиерите Адеми и Попоски со

ЕУ амбасадорот Жбогар, предлог буџетот за 2017 година, билтен на МВР, прес на владиниот портпарол и др. Застапеноста на органите на државна управа/јавни претпријатија и Владата опфаќа околу половина од времето посветено на првозастапените категории, „други субјекти" и „без субјекти". Медиумот одвоил простор за вкупно 8 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања се пренесени на ДУИ, ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, Беса, ДПА-ДР, НДП, Опозициски совет.

Телевизијата известува со неутрален тон и рамка. Исклучок може да се рече се два новинарски осврти, првиот под наслов „Рамноправно претставување – Албанците се дискриминираат во Агенцијата за катастар" (трае 3 минути и 46 секунди) посветен на бројот на вработени Албанци во Агенцијата за катастар и вториот „Адекватна застапеност – Во Народна банка само 7.8% Албанци" (трае 2 минути и 47 секунди) за бројот на вработени Албанци во Народна банка на Македонија. Во посочените прилози е присутен критички тон, во првиот кон заменик директорот на Агенцијата за катастар, како орган на државна управа, и во вториот кон Народна банка. И во двата новинарски осврта е дадена можност, во првиот на заменикот директор на Катастарот, а во вториот на гувернерот на Народната банка, да се произнесат по прашањата што ги обработува медиумот и да го изнесат својот став. Преостанатите новинарски осврти се: „Земјотрес во Скопје – Ниеден владин функционер не отвори уста" (трае 2 минути и 21 секунда), „Двојазичност – Партиите ја користат картата на јазикот на национализам" (трае 2 минути и 56 секунди) и „Општина Теарце – Во Теарце се асфалтираат нивите, а не улиците на селото" (3 минути и 52 секунди).

*__Табела 2: Директни обраќања на субјектите__*

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:12:33 | 28,22 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:37 | 3,64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:48 | 4,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:58 | 11,17 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:28 | 1,05 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:14 | 0,52 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:25 | 5,43 | % |
| Влада на РМ | 00:03:17 | 7,38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:47 | 6,26 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:28 | 1,05 | % |
| Беса | 00:00:38 | 1,42 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:25 | 0,94 | % |
| Опозициски совет | 00:00:24 | 0,90 | % |
| СДСМ | 00:01:54 | 4,27 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:15 | 2,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:23 | 3,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:41 | 8,28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:02 | 4,57 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:34 | 1,27 | % |
| Привремена комисија | 00:01:07 | 2,51 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:30 | 1,12 | % |
| **Вкупно:** | **00:44:28** | 100 | % |

Најчесто се емитувани директни обраќања на субјектите што припаѓаат на категоријата „други субјекти", а следуваат директните обраќања на претставниците на органите на државна управа/јавни претпријатија, на претставниците на политичката партија ДУИ, владините претставници итн.

***Посебни информативни емисии***

Во анализираниот период од 12 до 21 септември 2016 година, ТВ Шења емитуваше едно премиерно и четири репризни изданија на информативната емисија Неделно ретро (Retro javore). Премиерното издание беше емитувано на 18 септември, и истото беше репризирано наредниот ден, на 19 септември. Другите три репризи се однесуваат на изданието на емисијата од 11 септември, а беа емитувани на 12, 13 и 17 септември. Емисијата е составена од прилози за настани што се случиле во текот на претходните денови.

***Сектор за програмски работи***